Република Северна Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës**

Буде 24/9/2021 2

**До: Инспекциски совет**
Ул."Даме Груев" бр.3, блок 2, локал 5,
1000 Скопје
**Архивски број: 15-3409/2**
**Датум: 22.09.2021 година**
**Предмет: Мислење**
**Врска: Ваш допис број 03-615/5 од 27.08.2021 г.**

Почитувани,

Во врска со вашето Барање мислење со горенаведениот датум и број, доставено до Министерството за информатичко општество и администрација Ве известуваме за следново:

Предмет на Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 И 11/18, „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019 и 14/20) се статусот, класификацијата, вработувањето, унапредувањето, стручното усовршување и оспособување, мерењето на ефектот и други прашања во врска со работниот однос на административните службеници. Согласно член 3 став (1), административен службеник е лице кое засновало работен однос заради вршење на административни работи во органите на државната и локалната власт и другите државни органи основани согласно со Уставот и со закон и институциите кои вршат дејности од областа на образованието, науката, здравството, културата, трудот, социјалната заштита и заштитата на детето, спортот, како и во други дејности од јавен интерес утврден со закон, а организирани како агенции,

**Drejtuar: Këshilli i Inspektimit**
rr. „ Dame Gruev„ nr.3, blloku 2, lokali 5,
1000 Shkup
**Numri i arkivit: 15-3409/2**
**Data: ___.09.2021**
**Lënda: Mendim**
**Lidhja e shkresës: 03-615/5, e datës 27.08.2021**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
KËSHILLI I INSPEKTORIATEVE
СКОПЈЕ / SHKUP

| Примено / Pranuar: 24. 09. 2021 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица / Njësia organizative | Број / Numer | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 03- | 615/5 | | |

Të nderuar,

Në lidhje me Kërkesën tuaj për Mendim me datën dhe numrin e mësipërm, të dërguar në Ministrinë e Shoqërisë Informatike dhe Administratës, ju informojmë :

Lënda e Ligjit për Nëpunësit Administrativ ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" Nr. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 dhe 11/18, "Gazeta Zyrtare të Republikës së Maqedonisë së Veriut Nr. 275/2019 dhe 14/20) janë statusi, klasifikimi, punësimi, ngritja në detyrë, zhvillimi dhe trajnimi profesional, matja e efektit dhe çështje të tjera që lidhen me marrëdhëniet në punë të nëpunësve administrativ.
Në bazë të nenit 3 paragrafi (1), nëpunësi administrativ është një person që ka krijuar marrëdhënie me punën me qëllim kryerjen e detyrave administrative në organet e qeverisjes shtetërore dhe vendore dhe organet e tjera shtetërore të krijuara në përputhje me Kushtetutën, ligjin dhe institucionet që kryejnë veprimtari në fushën e arsimit, shkencës, shëndetit, kulturës, punës, mbrojtjes sociale dhe mbrojtjes së fëmijëve, sportit, si dhe në aktivitete të tjera me interes publik të


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

фондови, јавни установи и јавни претпријатија основани од Република Македонија или од општините, од градот Скопје, како и од општините во градот Скопје.

Административниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој закон, освен ако со посебен закон и со колективен договор поинаку не е уредено. Платата е составено од основна и исклучителна компонента, а основната компонента од дел на плата за степен на образование, дел на плата за ниво и дел на плата за стаж.

Согласно член 42 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19), се утврдува обуката за стекнување со лиценца за инспектор, и при тоа е утврдено дека обуката за стекнување со лиценца за инспектор се спроведува врз основа на програма за обука во траење од 12 месеци, со определување на ментор и законска обврска на кандидатот за инспектор за посетување на обука за стекнување со лиценца за инспектор. Стекнувањето со лиценца е крајната фаза од процесот на вработување на инспектор, независно што тоа лице е избрано во постапката за вработување, се додека не стекне лиценца за инспектор која му дава право самостојно да врши инспекциски надзор, тоа лице има статус на кандидат за инспектор.

Согласно член 48 од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.102/19), инспекторот има право на плата и надоместоци од плата под услови и критериуми утврдени во Законот за

përcaktuara me ligj, dhe të organizuara si agjenci, fonde, institucione publike dhe ndërmarrje publike të krijuara nga Republika e Maqedonisë ose nga komunat, nga qyteti Shkup, si dhe nga komunat në qytetin e Shkupit.

Nëpunësi administrativ ka të drejtën e pagës dhe kontributeve të pagës sipas kushteve dhe kritereve të përcaktuara me këtë ligj, përveç nëse rregullohet ndryshe me një ligj të veçantë dhe një marrëveshje kolektive. Paga përbëhet nga komponenti bazë dhe i jashtëzakonshëm, dhe komponenti bazë i një pjese të pagës për shkallën e arsimit, një pjesë të pagës për nivelin dhe një pjesë të pagës për vitet në punë.

Në bazë të nenit 42 të Ligjit për Inspektimin ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" Nr. 102/19), përcaktohet trajnimi për marrjen e licencës për inspektor, dhe përcaktohet se trajnimi për marrjen e licencës për inspektor kryhet në bazë të një programi trajnimi që zgjat 12 muaj, me përcaktimin e mentorit dhe detyrimin ligjor të kandidatit për inspektor për të ndjekur trajnimin për marrjen e licencës për inspektor.

Marrja e licencës është faza përfundimtare e procesit të punësimit të një inspektori, pavarësisht faktit se ai person zgjidhet në procedurën e punësimit, derisa të marrë një licencë për një inspektor që i jep të drejtë të inspektojë në mënyrë të pavarur, ai person ka statusin e një kandidati për inspektor.

Në bazë të nenit 48 të Ligjit për Inspektimin ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë së Veriut" Nr. 102/19), inspektori ka të drejtë


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

административни службеници, освен ако не е поинаку пропишано со овој закон. Во ставот (2) од истиот член е утврдено дека инспекторот има право на додаток на плата заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работите и задачите на инспектор во висина од 30% од износот на основната плата.

Законодавецот на многу јасен начин ја утврдил разликата помеѓу кандидат за инспектор и инспектор, односно инспекторот има право на плата и надоместоци од плата под услови и критериуми утврдени во Законот за административни службеници, освен ако не е поинаку пропишано со овој закон и инспекторот има право на додаток на плата заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работите и задачите на инспектор во висина од 30% од износот на основната плата.

Овој додаток на плата заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работите и задачите на инспекторот во висина од 30% од износот на основната плата се однесува на вработените кои се инспектори, а не и на кандидати за инспектор, односно вработените кои се уште не се стекнале со лиценца за инспектор, нема да можат да го остварат правото на овој додаток.

Согласно член 47 од Законот за инспекциски надзор, за прашањата кои се однесуваат на правата и обврските од работниот однос на инспекторите, кои не се уредени со овој закон и за прашањата за кои овој закон не упатува на примена на друг закон, се применуваат одредбите од Законот за вработените во јавниот

në pagë dhe kontribute në pagë sipas kushteve dhe kritereve të përcaktuara në Ligjin për Nëpunësit Administrativ, përveç nëse e përcaktuar ndryshe me këtë ligj. Paragrafi (2) i të njëjtit nen përcakton se inspektori ka të drejtë në një shtesë të pagës për shkak të ekzistencës rrezikut të lartë për jetën dhe shëndetin kur kryen punën dhe detyrat e një inspektori në shumën prej 30% të shumës së pagës bazë.

Ligjvënësi ka përcaktuar shumë qartë ndryshimin midis një kandidati për inspektor dhe një inspektori, domethënë inspektori ka të drejtë në pagë dhe kontribute në kushte dhe sipas kritereve të përcaktuara në Ligjin për NëpunësitAdministrativ, përveç nëse parashikohet ndryshe nga ky ligj dhe inspektori ka të drejtë për shtesë pagash për shkak të ekzistencës së një rreziku të lartë për jetën dhe shëndetin gjatë kryerjes së punëve dhe detyrave të inspektorit në shumën prej 30% të shumës së pagës bazë.

Kjo shtesë page për shkak të ekzistencës së një rreziku të lartë për jetën dhe shëndetin gjatë kryerjes së punëve dhe detyrave të inspektorit në masën 30% të pagës bazë u referohet punonjësve që janë inspektorë, dhe jo kandidatëve për inspektor , dmth punonjësit që ende nuk kanë marrë licencën e inspektorit, nuk do të jenë në gjendje të ushtrojnë të drejtën për këtë shtesë page.

Në bazë të nenit 47 të Ligjit për Mbikëqyrjen e Inspektimit, për çështjet që lidhen me të drejtat dhe detyrimet e marrëdhënieve të punës së inspektorëve, të cilat nuk rregullohen me këtë ligj dhe për çështjet për të cilat ky ligj nuk i referohet


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

сектор. Тоа значи дека сите прашања кои се однесуваат на правата и обврските и за кои законодавецот одлучил да ги уреди на поинаков начин, во случајов со додатоците на платата на инспекторот, се уредуваат со Законот за инспекциски надзор. Погоре цитираната одредба за плати, надоместоци и додатоци на плата на инспектор (чл.48) од Законот за инспекциски надзор, јасно утврдува дека инспекторите, кои имаат статус на административни службеници, имаат право на плата и надоместоци од плата под услови и критериуми утврдени во Законот за административни службеници (ст.1). Со ставот (2) од истиот член е утврдено правото на додаток на плата на инспекторот, заради постоење на висок ризик по животот и здравјето при извршувањето на работните задачи, односно заради посебните услови за работа на инспекторот и идентификуваниот ризик, и се вреднува во висина од 30% од износот на основната плата што ја добива како административен службеник.

Со оглед на фискалната импликација на ова законско решение, во член 104 од преодните и завршните одредби од Законот за инспекциски надзор е предвидено етапно применување на членот 48, така што почнувајќи од 1 јануари 2020 година па во наредните три години, платата на инспекторите ќе биде зголемена за 10% годишно, или заклучно со 1 јануари 2022 година плата на инспекторите ќе се зголеми за вкупно 30%.

Од анализа на горе цитираните одредби, а во врска со вашето прашање, инспекторите имаат право на плата и надоместоци на плата утврдени во

zbatimit të një tjetri ligji, aplikohen dispozitat e Ligjit për Punonjësit në Sektorin Publik. Kjo do të thotë se të gjitha çështjet që lidhen me të drejtat dhe detyrimet dhe për të cilat ligjvënësi ka vendosur t'i rregullojë ato në një mënyrë tjetër, në këtë rast me shtesat e pagës të inspektorit, rregullohen me Ligjin për Mbikëqyrjen e Inspektimit. Dispozita e lartpërmendur për pagat, kontributet dhe shtesat e pagave të një inspektori (neni 48) i Ligjit për Inspektimin, thotë qartë se inspektorët, të cilët kanë statusin e nëpunësve administrativë, kanë të drejtë për rrogë dhe kontribute në rrogë sipas kushteve dhe kritereve të përcaktuara në Ligjin për Nëpunësit Administrativ (paragrafi 1). Paragrafi (2) i të njëjtit nen përcakton të drejtën e shtesës së pagës të inspektorit, për shkak të ekzistencës së rrezikut të lartë për jetën dhe shëndetin gjatë kryerjes së detyrave të punës, domethënë për shkak të kushteve të veçanta të punës të inspektorit dhe rrezikut të identifikuar , dhe vlerësohet në 30% të shumës së pagës bazë që merr si nëpunës administrativ.

Duke pasur parasysh implikimin fiskal të kësaj zgjidhjeje ligjore, neni 104 i dispozitave kalimtare dhe përfundimtare të Ligjit për Inspektimin parashikon zbatimin gradual të nenit 48, kështu që duke filluar nga 1 janari 2020 për tre vitet e ardhshme, paga e inspektorëve do të të rritet me 10% në vit, ose që nga 1 janari 2022, paga e inspektorëve do të rritet me një total prej 30%.

Nga analiza e dispozitave të lartpërmendura, dhe në lidhje me pyetjen tuaj, inspektorët kanë të drejtë në pagë dhe kontribute në pagë të përcaktuara në Ligjin


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi" nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Законот за административни службеници, и додаток на плата заради постоење на степен на ризик утврден во Законот за инспекциски надзор. Додатокот на плата за степен на ризик е во висина од 30% од износот на основната плата, односно во висина од 30% од износот на основната компонента согласно Законот за административни службеници.

Ова мислење на Министерството за информатичко општество и администрација нема правна сила на толкување на закон и не може да претставува основ за негово користење, или употреба како доказ пред суд или други органи или институции за остварување на одредени права во корист на подносителот.
Надлежен орган за давање на овластено толкување на закони е Собранието на Република Северна Македонија согласно член 68 став 1 алинеја 2 од Уставот на Република Северна Македонија.

**Со почит,**

për Nëpunësit Administrativ, dhe shtesë në pagë për shkak të shkallës së rrezikut të përcaktuar në Ligjin për Inspektimin. Shtesa e pagës për shkallën e rrezikut është në masën 30% të shumës së pagës bazë, gjegjësisht në masën 30% të shumës së komponentit bazë në përputhje me Ligjin për Nëpunësit Administrativ.

Ky Mendim i Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës nuk ka fuqi juridike të interpretimit të ligjit dhe nuk mund të jetë bazë për përdorimin e tij, ose përdorimin si provë para gjykatës, organeve ose institucioneve të tjera për të ushtruar të drejta të caktuara në favor të aplikuesit.
Organi kompetent për dhënien e interpretimit të autorizuar të ligjeve është Kuvendi i Republikës së Maqedonisë së Veriut në përputhje me nenin 68 paragrafi 1 rreshti 2 të Kushtetutës së Republikës së Maqedonisë së Veriut.

**Me respekt,**

**Министер за информатичко општество и администрација**
**Ministër i Shoqërisë Informatike dhe Administratës**
**Doc. Dr Jeton Shaqiri**

Подготвил/Përgatiti: Катерина Д.Трајковска
Одобрил/Miratoi: Љупка Ивановски
Превел / Përktheu: Gonxhe Kadriu


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ministria e Shoqërisë Informatike dhe Administratës
Republika e Maqedonisë së Veriut
Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „Shën. Kirili dhe Metodi“ nr. 54, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk